Почитувани родители,

Ве известуваме дека сите потребни информации за запишување на учениците во прво одделение во ООУ „Мирче Ацев“ – Скопје за учебната 2020/21 година ќе ги најдете училишната веб страна на следниов начин:

- На веб страната на училиштето, отворете во менито **„Документи“** (во десниот дел од лентата што се наоѓа до името на училиштето).
- Потоа во делот „**Настани**“ (се наоѓа десно на страната), отворете ја папката „**Упис на првачиња“.** Во папката се наоѓаат документи за информирање на родителите за запишување на децата во прво одделение и формулари за собирање податоци што се потребни за електронско пријавување на учениците.

Пријавата за упис на прваче потребно е да ја симнете, електронски да ја пополните и да ја испратите на училишната маил адреса prvacinja.mirceacev@gmail.com

Останатите формулари треба да ги испечатите и да ги пополните. Потоа пополнетите формулари и сите потребни документи за упис (видете оглас) треба да ги скенирате или фотографирате и да ги испратите на истата маил адреса prvacinja.mirceacev@gmail.com

Чувајте ги оригиналните документи, затоа што истите ќе ги доставувате во училиштето на денот на опсервацијата на Вашето дете, за што дополнително ќе бидете известени од педагошко – психолошката служба на училиштето.

Ви благодариме за соработката.

Со радост Ве очекуваме и останете во добро здравје!

Директор Ѓурѓица Баталакова

и педагошко – психолошка служба